ТТК БАНКА АД Скопје Бр. 1
Бр. 02-2627/5
29 -03- 2024

Врз основа на член 483, 485 и 420 од Законот за трговски друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 290/20, 215/21 и 99/22) и член 40 став 1 алинеја 5 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката, на ден 29.3.2024 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## за употреба и распоредување на нераспределената добивка на ТТК Банка АД Скопје за 2023 година

### Член 1

Нераспределената добивка на ТТК Банка АД Скопје по Годишната сметка за 2023 година, во износ од 105.202.945 денари, се распределува на:

1. Дел за резерви МКД 919.657

2. Дел за дивиденда во бруто-износ МКД 104.283.288

2. 1 Дел за распределба на дивиденда во акции на акционерите на Банката сразмерно на нивното учество во основната главнина на Банката, преку зголемување на основната главнина по пат на издавање нова емисија акции МКД 67.589.000

2.2 Дел за исплата на дивиденда во пари на платежни сметки на акционери МКД 32.439.732

### Член 2

Расположливата добивка остварена од работењето на ТТК Банка АД Скопје за 2023 година ќе се употреби за исплата на дивиденда, дел во акции и дел во пари на платежни сметки на акционерите, сразмерно на учеството на нивните акции во дотогашната основна главнина на ТТК Банка АД Скопје.

### Член 3

Издадените акции од новата емисија ќе бидат регистрирани на сметките на сопствениците во Централниот депозитар на хартии од вредност по усвојувањето на одлуката од Собранието на акционери на Банката и добивањето одобрение/согласност од регулаторните тела.

Делот за исплата на дивиденда за 2023 година предвиден во точка 2.2 од член 1 од оваа одлука, што ќе се исплаќа во пари (на платежни сметки на акционерите), ќе биде исплатен по уписот на зголемувањето на основната главнина во Централниот регистар на Република Северна Македонија, односно по уписот на новата емисија акции во Централниот депозитар за хартии од вредност, а најдоцна до 30.9.2024 година.

**Член 4**

Датум на евиденција според која се определува листата на акционери кои имаат право да добијат дивиденда е 27.3.2024 година.

**Член 5**

Средствата наменети за дел од плата и награди на членовите на Надзорниот одбор, менаџментот и вработените по основ на деловна успешност кои во Годишната сметка за 2023 година во согласност со МСС 19 се вкалкулирани како трошок во износ од 4.026.731 денари се распоредуваат на следниов начин:

- Дел за награди на членовите на Надзорниот одбор и Одборот за ревизија што се исплатува;
- Дел за плата по основ на деловна успешност на менаџментот и вработените.

Одборот за наградување на членовите на Надзорен одбор и на Одборот за ревизија, Надзорниот одбор и Управниот одбор со посебни одлуки утврдуваат начин на распределба на средствата од став 1 на овој член на поединечните членови на Надзорниот одбор, Одборот за ревизија, Управниот одбор, менаџментот и вработените.

**Член 6**

Се овластува Надзорниот одбор на Банката, по барање на надлежни институции, да врши соодветни измени и дополнувања на оваа одлука.

**Член 7**

Се овластува Управниот одбор на Банката да ја спроведе оваа одлука.

**Член 8**

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

**Собрание на акционери на Банката**

**Претседавач,**
**Томе Волкановски**

ТТК БАНКА СКОПЈЕ 1